ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 година бр.09-125/17 од 23.12.2016, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на Повторна ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (изменување и дополнување)**

Повторната Јавна Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (изменување и дополнување) ќе се одржи на ден 06.04.2017 г. (четврток) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61, Општина Битола.

Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (изменување и дополнување) се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: почетна точка пресек на осовини на улица „Димитар Робев" (стар назив „Прилепска") и новопланирана улица „Прва" – дел од Новачки пат, северена граница по осовина на улица „Димитар Робев" (стар назив „Прилепска"), северна граница на КП бр. 11871, КП бр. 11879 и северната граница на дел од ГУП-Блок 6 наменет за лесна индустрија, на исток граница е регулираниот отворен канал, на југ осовина на Новачки Пат и на запад осовината на улица „Прва" – дел од Новачки пат каде се спојува во почетната точка.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (изменување и дополнување), ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.04.2017 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 11ха.

**Повторната Јавна Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола"(изменување и дополнување), ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 06.04.2017 год. заклучно со 13.04.2017год.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-308/3
31.03.2017 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk